
ОПШТИНА
КОЧАНИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
КОЧАНИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Јас сум д-р Влатко Грозданов, лекар специјалист гинеколог-акушер, со над 20 години посветена работа во медицината. Својот професионален живот го поминав грижејќи се за здравјето и благосостојбата на многу граѓани, посебно на мајките и децата во оваа општина. Со посебна чест и одговорност, денес се обраќам до вас, мои сограѓани од Кочани, за поддршка и доверба да ја водам нашата општина како ваш градоначалник.

Кочани е градот каде што живеам, работам и каде што ги поминав најзначајните години од мојот професионален и личен живот. Гледам дека нашиот град, и покрај својот потенцијал, се соочува со предизвици што бараат нов пристап, енергија и визија.

За жал, во изминатиот период, многумина од нас ја изгубивме вербата дека може да биде подобро. На Кочани му е потребен модерен, одржлив развој, но и човечки вредности, поголемо разбирање и толеранција меѓу нас. На нашиот град му се потребни предвидливи услови за да можеме сите да ја гледаме нашата иднина тука, во родниот крај.

Мојата визија за Кочани е град што се грижи за своите жители, град што нуди квалитет на живот, сигурна иднина и просперитет за сите генерации. Во мојата работа како градоначалник, водечки ќе бидат стручноста, тимската работа, институционалната соработка, чесноста и транспарентноста. Подготвен сум да ги слушнам и да ги прифатам сите конструктивни идеи и предлози што ќе помогнат за напредокот на Кочани.

Во следниот мандат, мојот фокус ќе биде ставен на реализација на проекти кои директно ќе го подобрат животот на граѓаните, со посебен акцент на:

- Унапредување на комуналната инфраструктура и животната средина, со фокус на чисти улици, зелени површини, решавање на проблемите со отпадните води и урбано уредување на градот.
- Подобрување на образованието, културата и спортот, со активни потези и поддршка од стручен и искусен кадар, што ќе дадат резултат во краток временски период.
- Отворена, транспарентна и безрезервна поддршка на локалната економија и туризмот, како реални можности за развој од локалните претприемачи и останатите, односно искористување на природните и културните потенцијали на Кочани и неговата околина.
- Подобрување на сообраќајната инфраструктура и целокупната безбедност, мора да биде на високо ниво во градот.

- Подобрување на здравствената инфраструктура и пристап до квалитетна здравствена заштита за сите жители на Општина Кочани.
- Создавање поволни социјални услови за сите категории граѓани, од најмладите до пензионерите, но со посебен акцент на нашата иднина – младите семејства и поттикнување на наталитетот преку конкретни мерки за поддршка.

Кочани заслужува подобро. Верувам дека со заеднички сили можеме да ги постигнеме посакуваните успеси и да изградиме подобра иднина за сите нас.

Благодарам,

д-р Влатко Грозданов, кандидат за градоначалник на Општина Кочани

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Александар Андов - Носител на листа
2. Лазо Митев
3. Марија Ананијева
4. Александра Соколова
5. Љупчо Ѓорѓиевски
6. Петар Медарски
7. Милена Јанева
8. Гоце Димитров
9. Сузана Георгиева Постоловска
10. Бејсим Шакиров
11. Владимир Ананиев
12. Верче Петрова
13. Костадин Христов
14. Ева Ефтимова
15. Стојан Лазаров
16. Анкица Маркова
17. Јовица Ристов
18. Ивана Симеонов
19. Ленче Паунова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

Од оваа програма во која има голем број проекти од сите области кои се потребни за подигање на квалитетот на живеење, ќе ги издвоиме следните шест како проекти со највисок приоритет, на коишто поради нивното значење, ќе биде ставено многу повисоко ниво на фокус и ангажман од страна на тимот што ќе ја реализира оваа програма.

## 1. Изградба на Јужен булевар на Општина Кочани од магистралниот пат до монополски згради. Проект е веќе изготвен.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централна власт

## 2. Изградба на брана „Арамиска чешма“ за водоснабдување на Пониква. Проектот со техничката документација е веќе комплетно изготвен.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централна власт / фондови на ЕУ

## 3. Зголемување на капацитетот и опременоста на противпожарната единица во Кочани со прием и обука на нови пожарникари, обезбедување на нови возила за противпожарна заштита и набавка на целата потребна опрема за Територијалната противпожарна единица со која ќе се опслужуваат три општини (Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт, фондови на ЕУ, Источен плански регион, Прекугранична соработка

## 4. Изградба на Дом за престој на стари лица (сите фази).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централна власт / јавно-приватно партнерство (ЈПП)

## 5. Изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 до изливен базен на препумпна станица Кочани.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт

## 6. Изградба на мост на Кочанска Река помеѓу улиците „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Урбана инфраструктура

- **1. Изградба на Јужен булевар на Општина Кочани од магистралниот пат до монополски згради .**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт

- **2. Реконструкција на дел од ул. „Евлија Челебија“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **3. Изградба на дел од ул. „Роза Петрова“ и дел од ул. „554“ во Кочани со тротоар и атмосферска канализација**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **4. Реконструкција на ул. „524“ во Оризари**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **5. Реконструкција на станбена улица - дел од улица „23-ти Октомври“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **6. Реконструкција на ул. „Бел Камен“ во Кочани (јужно од Сиви дом) со атмосферска канализациска мрежа**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **7. Реконструкција на дел од улица - кракови на „Генерал Апостолски“ во Оризари**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **8. Реконструкција на дел од ул. „Први мај“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **9. Реконструкција на дел од ул. „Рајко Жинзифов“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 10. Пробивање и изградба на дел од ул. „Бел Камен“ во Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 11. Изградба на пешачка улица во ГЧ 6 населба Стришани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 12. Изградба на улица за поврзување на улиците „Бел камен“ и „Ѓорче Петров“ во Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 13. Изградба на улица за поврзување на улиците „Бел камен“ и „Први мај“ во Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 14. Изградба на мост на Кочанска Река помеѓу улиците „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт

### 15. Реконструкција и рехабилитација на патната инфраструктура на територија на Општина Кочани и населените места

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 16. Изградба на потпорни ѕидови на територија на Општина Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / Источен плански регион / централната власт / организации

### 17. Изградба и реконструкција на тротоари и поплочување на пешачки пристапни улици со бекатон на територија на Општина Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 18. Тампонирање и рехабилитација на патишта во полскиот дел од Кочани и пробивање и расчистување на патишта во планинскиот дел од Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт

# Водоводни и канализациски системи

**19. Изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 до изливен базен на препумпна станица Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централната власт

**20. Изградба на водоводна мрежа на улиците „500“, „552“, „560“, „563“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**21. Изградба на фекална канализациска мрежа на улиците „552“ и „560“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**22. Изградба на атмосферска канализациска мрежа на улиците „560“ и „563“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**23. Изградба на атмосферска канализациска мрежа на улиците „Гемиџии“ и „Климент Охридски“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**24. Изградба на атмосферска канализациска мрежа на ул. „Вера Которка“ - крак 1, 2 и 4 во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**25. Изградба на атмосферска канализациска мрежа на улица за поврзување на улиците „Бел Камен“ и „Ѓорче Петров“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**26. Изградба на атмосферска канализациска мрежа на улица за поврзување на улиците „Бел Камен“ и „Први мај“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**27. Реконструкција на атмосферска канализациска мрежа на ул. „АСНОМ“ во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## Сообраќајна инфраструктура во Општината

### 1. Изработка на проект за нови места за паркирање во централното градско подрачје

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 2. Обновување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација на територија на Општината Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## Регионална инфраструктура

### 1. Изработка на проектна документација за изградба и адаптација на постојниот експресен пат Кочани – Скопје на потегот кај с.Тркање

**Извор на финансирање:** Централна власт

### 2. Изработка на проектна документација за изградба на нов експресен пат од Кочани до Делчево.

**Извор на финансирање:** Централна власт



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## 1. Пробивање и изградба на нова улица за поврзување на населбата Дарчевик со Индустриска зона Кочани, која ќе придонесе за побрз транспорт на вработените од урбаната средина до локалните стопанства.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 2. Реновирање на погорните спратови на административната зграда на Општина Кочани за добивање на поголем простор за услугите на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 3. Изработка на детални урбанистички планови во согласност со ГУП и со потребите на бизнисот и граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 4. Одржлив урбан развој

- Завршување на отпочнатите ДУП-ови за град Кочани (ГЧ 17) со кој се предвидува нова индустриска зона во насока на модерните текови на познати брендови на маркети и ретаил-паркови.
- Завршување и на ДУП за ГЧ 2 населба Усова Чешма и ГЧ 13
- Изработка на нов ДУП за ГЧ 15 и ГЧ 10
- Завршување со започнатата постапка за изработка на ДУП на населените места: село Прибачево, село Бели и село Нивичани.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 5. Изградба на брана „Арамиска чешма“ за водоснабдување на Пониква. Комплетно изготвен проект од страна на Општина Кочани со техничка документација и пресметки.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централната власт/ фондови на ЕУ

- **6. Изградба на Дом за престој на стари лица (сите фази)**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централната власт / ЈПП

- **7. Поддршка и афирмација на месната самоуправа и личен контакт со граѓанинот, се со цел решавање на нивните секојдневни проблеми.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **8. Изработка на проект за мапирање на малите бизниси во Општината Кочани и финансирање на одредени платформи со кои би се поврзале сѐ со цел за подобар економски развој на Општината.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **9. Изградба на затворен пазар и простор за паркирање на сегашниот простор на градскиот пазар.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **10. Зголемување на капацитетот и опременоста на противпожарната единица во Кочани со прием и обука на нови пожарникари, обезбедување на нови возила за ПП заштита и набавка на целата потребна опрема за Териториjалната противпожарна единица (ТППЕ) со која ќе се опслужуваат три општини (Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево).**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт, фондови на ЕУ, Источен плански регион, Прекугранична соработка

- **11. Изработка на нови безбедносни планови за сите локални институции и доопремување таму каде што ќе се јави потреба од целокупна опрема за безбедност.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- **1. Продолжуваме со стипендирањето на младите во средното и високото образование со зголемување од дополнителни 1 500 денари на постојната стипендија.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **2. Реконструкција и замена на кров на ОУ „Кирил и Методиј“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **3. Реконструкција на дел од кров и реконструкција на под во СОУ „Гошо Викентиев“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **4. Реконструкција на санитарни јазли и доградба на простории за сместување на ученици со цел едносменско работење**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **5. Обезбедување на училиштен прибор за секое прваче - Бесплатен прибор за секое дете од прво одделение на почетокот на учебната година, кој ќе се состои од основни потребни материјали за одвивање на наставата.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **6. Реконструкција на спортско игралиште и изградба на ново во ОУ „Малина Поп Иванова“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **7. Набавка на инсталација за греење во спортската сала во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ – Оризари**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 8. Воведување едносменско работење во сите училишта во Општина Кочани

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 9. Промена на инвентар и средства за работа во сите училишта, континуирана обнова на потребен инвентар во сите општински и подрачни училишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Дигитални услуги и дигитална општина

### 1. Е-систем за управување со предмети.

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Сите документи што ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе го намали времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 2. Систем за електронско прибирање на даноци

Ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање решенија за данок на имот, кои ќе можат да се плаќаат електронски преку Националниот портал за услуги и веб-страниците на општините. На овој начин ќе постигнеме праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи на општината за самостојно финансирање на проекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 3. Подобрување на ИТ-инфраструктурата за потребите на администрацијата.

Ќе продолжиме со континуирано вложување во нова ИТ-опрема за општинската администрација како основа за подобрување на услугите што ги даваат на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 4. Општински совет - дигитализација и електронска работа.

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, целосна електронска евиденција.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 5. Електронски услуги за решавање на дел од проблемите на граѓаните.

Во соработка со Владата и со меѓународните партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 6. Е-систем за планирање на ресурси

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на Општината, точни и навремени податоци за работата на Општината и оптимизација на трошењето на средствата.

**Извор на финансирање:** Министерство за дигитална трансформација, буџет на Општината



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- **1. Во соработка со основните и со средните училишта ќе ги анимираме младите за изготвување на програма за целосно искористување на спортските рекреативни центри кај СООУ „Љупчо Сантов“ и ООУ „Св. Кирил и Методиј“, ООУ Никола Карев и спортско-рекреативниот центар „Бавчалук“.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **2. Изградба на мултифункционална спортска сала кај АСНОМ**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **3. Стипендирање на спортски клубови и млади надежи**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **4. Реконструкција на Спортската сала „Сашо Лазаров“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / Министерство за спорт

- **5. Изградба на ново мултифункционално игралиште во ГЧ 15**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **6. Изградба на ново мултифункционално игралиште во населбата Дарчевик**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **7. Реконструкција на детски и мултифункционални игралишта во Општината Кочани и населените места**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **8. Изработка на проект за велосипедска патека и поврзување на сите полски населени места (Прибачево, Грдовци, Мојанци, Горни и Долни Подлог)**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 9. Поставување на справи за фитнес во паркот „Гоцева шума“

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 10. Финансиска поддршка на сите спортски клубови како и младински школи.

Се овозможува функционирање и тековно работење на разни спортски клубови, афирмирање на спортот и силна поддршка посебно за младински спортски школи и вклучување на што поголем број дечиња во разни клубови за здрав развој и формирање на силни и здрави млади лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 11. Продолжување со организација на манифестацијата „Избор на спортист на годината“

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 12. Пробивање и реконструкција на пешачка патека од Бавчалук до Брана Градче

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 13. Децата и природата, планината и заштита на животната средина.

Преку активностите во планина ќе овозможиме правилен развој, запознавање на младите со заштита на природата, едукација за планинарењето како спорт, придобивки од заштита и пошумување, значењето на планините.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 14. Поддршка на спортски клубови основани од страна на лица со инвалидитети.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **1. Засадување на нови насади во населените места и градот на локации каде има потреба, континуирано пошумување и заштита на земјиште од ерозија и вложување во заштита на животната средина.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

- **2. Проширување на опфатот за собирање на комунален отпад во населените места**

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

- **3. Урбани паркови, обнова на стари дрвја со нови садници во урбаниот дел на Општината и на јавната инфраструктура во населените места, континуирано вложување во обнова на шумскиот фонд во урбаните паркови.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **4. Зголемување на ефикасноста на згрижување на бездомните кучиња**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / Источен плански регион

- **5. Изградба на нови системи за наводнување и целосно автоматизиран процес за наводнување во сите паркови во градското подрачје, со што значајно ќе се подобри одржувањето на парковите и можноста за користење само на техничка вода за наводнување.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**6. Обезбедување на ново возило за собирање отпад, нови контејнери, унапредување на состојбата со селекција на отпад. Поднесување на апликации за обновување на возилата што ги користат јавните претпријатија сѐ со цел подобра услуга и почисто Кочани.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, фондови на ЕУ, Прекугранична соработка, Источен плански регион

**7. Регионална превентива и третман против комарците во Кочани и во населените места во Општината**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и Источен плански регион

**8. Поддршка во процесот на затворање на градското ѓубриште кај м.в. Тупанец и изготвување на урбанистички проект за поставување на фотоволтаични панели на самото место.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / Источен плански регион

**9. Набавка на две возила за метење сѐ со цел подобрување на јавната чистота во централното градско подрачје и проширување на опфатот и во периферните улици.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- **1. Изградба на Адреналински парк на Пониква како дополнителна содржина на единствениот спортско-рекреативен центар на Осоговските Планини во Источна Македонија.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

- **2. По завршување на реконструкцијата на Споменикот на слободата на месноста Локубија, следува озеленување и поставување на урбана опрема сè со цел добивање зелен парк со урбани содржини кои ќе бидат и интересни како туристичка дестинација.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **3. Изградба на брана „Арамиска чешма“ за водоснабдување на Пониква, со целосен систем за водоснабдување на викенд-населбата, како и фекална и атмосферска мрежа.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централната власт

- **4. Подготовка на простор за паркиралиште на Пониква во зимскиот период и воспоставување на траен сообраќаен режим за зимски период со поддршка на локални служби, сè со цел задоволување на потребите на туристите.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **5. Целосно осветлување на СРЦ „Пониква“ со нови ЛЕД-светилки и создавање услови за ноќни прошетки и до скијачките патеки.**

**Извор на финансирање:** Централна власт

- **6. Завршување на реконструкцијата на патниот правец од Кочани до манастирот „Св. Пантелејмон“. Со тоа ќе се создадат можности и подобри услови за развивање на манастирскиот туризам и создавање на безбеден транспорт на сите посетители и добронамерници.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / АФПЗРР / ИПР / БРР

- **7. Изработка на проект за поврзување на двата паркови Бавчалук и Гоцева Шума. Во проектот би се нашле многу содржини кои би придонеле за подобар урбан, спортски, рекреативен и туристички живот во Општина Кочани.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / финансирања од ЕУ

- **8. Уредување и реконструкција на просторот кај стариот Даб во с. Бели.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **9. Изготвување на проект за мапирање и поврзување на туристичка патека на потегот с. Лесново – с. Пантелеј - развој на манастирскиот туризам.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / Источен плански регион

- **10. Отворање на Рок Музеј во Етно Куќа на Општина Кочани и создавање на нова атракција за Македонија.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

- **11. Изработка на стратегија и планови за мапирање на старите и нови содржини кои би биле белег за распознавање на Кочани.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

**1. Продолжување и поддршка во традиционалната културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централна власт / донации

**2. Продолжување на културно-уметничката програма по повод Петровден, патрониот празник на градот Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централната власт/ донации

**3. Поддршка во спроведувањето и зголемување на содржините при организирање на манифестацијата ДАФ**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / централна власт / донации

**4. Создавање услови и поддршка во организација на Велигденски и Новогодишен базар во Паркот на револуцијата и Градскиот трговски центар.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / донации

**5. Афирмација на старите турски кули во Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / донации

**6. Набавка на нова опрема за кино-проекции во Националната установа „Бели мугри“ - Кочани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / донации

**7. Поддршка и афирмација на ЈОУБ „Искра“ при организирање на културни активности.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**8. Поддршка на манифестацијата „Денови на медот“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**9. Продолжување со поддршката на сите здруженија од областа на културата што се занимаваат со сликарство или поетско читање и литература, издаваштво на книги, фолклорни ансамбли, планинарски и риболовни друштва и др.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**1. Еднократен детски додаток за секое новородено дете**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**2. Социјална поддршка на ранливи категории граѓани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**3. Социјална поддршка во градежни материјали на ранливите категории граѓани**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**4. Субвенции за ранливи категории граѓани: инвертер-клими и велосипеди**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**5. Помош и поддршка за невладини здруженија при реализација на проекти од интерес на локалната заедница.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**6. Општокорисна работа – обучени негуватели ќе даваат бесплатни услуги на најстарите лица и на лица со посебни потреби, со што се намалува невработеноста, односно другите добиваат стручна услуга**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**7. Поддршка на дополнително образование за сите жители што живеат на територија на Општина Кочани, а немаат дооформено основно или средно образование.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 8. Поддршка на ранливите категории со финансирање на одредени лекови со потврдена документација од стручни лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 9. Уредување и адаптација на простории и набавка на дедуктивни материјали во училиштата кои би биле наменети на лица со посебни потреби и би дале поголема инклузивност на самите лица во општеството.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 10. Одбележување и адаптација на урбаната инфраструктура со специјална сигнализација за непречено движење на лицата со инвалидитет.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

ВМРО-ДПМНЕ